СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-6019/55
29.09.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 18-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажаназа денес 29.09.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 18-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат 17 советници, двајцата советници се отсутни, меѓутоа се закажани преку онлајн апликацијата зум и седницата ќе ја следат електронски.
Се прозиваат советниците да се произнесат дали се присутни. Павле Маневски. Тука. Вуко Мелов. Тука. Во ред.
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник на 16-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 25.08.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на 16-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за усвојување на Записникот на 16-та Седница на Советот на Општина Кавадарци со гласање. Кој е за. Вуко.За. Павле. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 16-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година ;
2. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2023 година ;
3. Предлог-Одлука за одобрување на финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци;

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година
5. Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба);
6. Предлог- Решение за изменување и дополнување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци;
7. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование;
8. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата зафинансии и буџет;
9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности;
10. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија;
11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка;

    Точка 12 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките;
12. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална заштита и заштита на деца;
13. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам;
14. Предлог-Одлука за давање на трајно користење движни ствари опрема фотоволтаични модули(панели) без надомест на јавни институции на територијата на Општина Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
16. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци вон-град;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот;
18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со

судски предмет Малв.П бр.88/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.85/2021, поведен пред Основен суд Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.22/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
22. Предлог- Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година;
23. Предлог-Одлука за давање на користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;
24. Предлог-Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;
27. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп;
28. Предлог-Одлука за примање донација –извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци;
29. Предлог-Одлука за примање донација за примање донација – извршување на градежни работи одЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;

Точка 30. СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките;

30. Предлог-Одлука за примање донација извршување на градежни работи одДруштво за изведување на рударско градежни работи “МАШИНОКОП” ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;
31. Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
32. Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
33. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
34. Годишна Програма за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
35. Годишен Извештај за работа на СОУ “Ќиро Спанџов – Брко” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
36. Годишна Програма за работа на на СОУ “Ќиро Спанџов – Брко” Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
37. Годишен Извештај за работа на ООУ “Страшо Пинџур” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
38. Годишен Извештај за работа на ООУ “Тошо Велков Пепето” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
39. Годишен Извештај работа на ООУ “Гоце Делчев” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
40. Годишен Извештај за работа на ООУ “Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
41. Годишен Извештај за работа на ООУ “Димката А.Габерот” Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
42. Годишен Извештај за работа на ООУ “Димката А.Габерот” с.Ваташа за учебната 2021/2022 година;
43. Годишен Извештај за работа на ОМБУ “Лазо Мицев Рале” Кавадарци за учебната 2021/2022година;
44. Извештај за работењето на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
45. Извештај за работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ 1„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
46. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработени во ЈП„Мито ХаџиВасилев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Мито ХаџиВасилев Јасмин„ Кавадарци;

47. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
48. Годишен План за вработување за 2023 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„Кавадарци;
49. Предлог-Одлука за утврдување на износ на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Одлука за одржување на гробишта во нас.Глишиќ и за утврдување на висина на надомест за нивно одржување, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни сСогласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

-Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Павле. За. Вуко. За. Во ред.

-Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

Констатирам дека усвоена точката дневниот ред да се дополни со точка 52

-Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Вуко.За. Павле. За. Во ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред. Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

Почитувани советници бидејќи тука се присутни директорите на јавните установи кои се дел од денешниот дневен ред предлагам тие точки што се за годишните извештаи од точка 31 до точка 51 да ги ставиме на почетокот за да ги ослободиме присутните, да го смениме редоследот само на дневниот ред, инаку другото си останува исто.

Дали има и други предлози за изменување и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред. Нема. Во ред тогаш п31.Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Дали некој бара збор. Почитувани отварам претрес по оваа точка.Дали има некој збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За. Во ред.

32.Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Павле. За. Вуко. За.

33.Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истататочка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Павле. За. Вуко. За.

34.Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Павле. За. Вуко. За.

35.Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За. Во ред.Едногласно усвоена.

36.Годишна Програма  за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно. Павле. За. Вуко. За.

37.Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Павле. За. Вуко. За. Во ред.

38.Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Вуко. За. Павле. За.

39.Годишен Извештај работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Вуко. За. Павле. За.

40.Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

41.Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

42.Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Павле. За. Вуко. За.

43.Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2021/2022година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Павле. За. Вуко. За. Во ред. Почитувани со тоа сакам да му се заблагодарам на присутните директори на основните и средни. Може да ги ослободиме директорите.

47. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци.

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање. Повели.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитувани медиуми, почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници. Во врска со вработувањето мојот став бил секогаш јасен. Секое зголемување на бројот на вработените јас не го оправдувам било од кои причини. Тука гледам дека двајца одат во пензија, на нивно место има нови двајца. Тоа го оправдувам, меѓутоа за нови вработувања не го оправдувам и затоа ќе гласам против. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ај ве молам директоре повели мало објаснување.

ДИРЕКТОР НА ЈОУ БИБЛИОТЕКА „ФЕТКИН,,: Ова точка ако не се лажам е измена на Планот за вработување. Прва точка ние измена на Планот за вработување за оваа година заради тоа што имаме унапредување во редот на библиотекарите. Значи за првпат во Кавадарци имаме виш библиотекар, колешката Весна Гркова има звање виш библиотекар и би сакале да го измениме овогодишниот план за вработување со нејзиното унапредување. За наредната точка за новите вработувања ние немаме сеуште согласност и не се нови вработувања, него се вработувања по основ на пензионирање. Само тие две. Бараме две работни нови, мислам за наредна година имаме предвидено две вработувања. Не нема да ги зголемиме, значимоментално сме 9 души и ги бараме тие две и оваа година затоа што се ближе крајот на годината ќе ги бараме и за наредна година. Не нема да се зголеме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам директоре. Почитувани 47 точка ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За.Павле. За. 18 за. 1 воздржан.

48.Годишен План за вработување за 2023 година на ЈОУ Библиотека,,Феткин,,Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. 17 за. Воздржани. 2.Павле. За. Вуко. За. Во ред.

Со тоа сакам да им се заблогодарам на директорите на јавните средни и основни општински училишта и на директорот на библиотеката и на ОМБУ"Лазо Мицев Рале". Ви благодарам што и денеска не удостоивте и што бевте присутни тука и ви посакувам успешно менаџирање и задоволни ученици и професори.

Почитувани советници преминуваме на 44-та точка на денешниот дневен ред.

44.Извештај за работењето на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Почитувани советници отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката за извештајот за работењето на „Комуналец„ Кавадарци ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Павле. Против. Вуко. Против. Во ред. Кој е против плус нашите двајца советници колеги. 4 против. Воздржани. Двајца.

45.Извештај за работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ 1„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за.Павле. За. Вуко. За. Во ред благодарам. Едногласно усвоено..

46.Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработени во ЈП„Мито ХаџиВасилев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Мито ХаџиВасилев Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање. Кој е за.Вуко. За.Павле. За. Во ред . Воздржани. 16 за. 1 воздржан.

49.Предлог-Одлука за утврдување на износ на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели директорке.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА РАДА ПОЦЕВА: Добар ден на сите. Поздрав до Градоначалникот, Претседателот на Советот, советниците и останати присутни. ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци ве известува дека во тековната 2022 година има зголемување на расходите. Тенденцијата на општо зголемување на расходите започна уште во 2020 година со појавувањето на ковид пандемијата, но во 2022 година е со поинтензивно темпо, односно имаме значителен пораст на трошоците. Во поглед на расходите ве известуваме дека имаме константно зголемување на расходите на прехранбените производи од 2020 година па наваму, односно од ковид пандемијата па наваму, па така во последната година имаме зголемување на расходите на прехранбени производи во просек за 30%, па ако ги земиме и најосновните прехранбени производи

како на пр. леб, млеко, зејтин, шеќер, сол тие сите се покачени во просек од 25 до 30%, а некои и повеќе, а сето тоа може да се забележи и во самите маркети во дел од нашата потрошувачка што ја правиме. Значи за прехранбените производи имаме поголем расход во 2022 година во однос на 2021 година за 2 000 000 денари. Исто така откако испадна ковид пандемијата може да се забележи дека и хигиената во градинката треба да биде на повисоко ниво, средствата може не се толку, 30% покачени, меѓутоа имаме наредба нивото на хигиената да ја зголемиме на повисоко ниво, односно потрошувачката ни е веќе дупла. Во поглед на ел. енергија имаме значително покачување во два наврати, значи за ел. енергија во 2021 година имаме расходи во износ од 1 435 000, а во 2022 година до август месец имаме трошоци за ел. енергија во износ од 1 350 000, а за цела 2022-та година очекуваме расходите на ел. енергија да бидат на 2 400 000 денари. Во поглед на цената на нафтата од февруари 2022 година до август е во пораст, па така цената на екста лесно гориво од октомври би се движела од 80 до 90 денари за литар со попусти што би значело дека годишно за екстра лесно од 35 000 литри до 40 000 литри би се издвојувале околу 3 300 000 денари. Во 2021 година имаме трошоци за екста лесно во износ од 1 861 000 денари или цената на литар екстра лесно во просек беше 45 денари. Во однос на исхраната со партиципацијата во износ од 1490 денари дневно за исхрана се издвојуваа 44-46 денари за појадок, ручек и две ужинки. Со партиципацијата во износ од 2000 денари дневно за исхрана за појадок, ручек и две ужинки би се издвојувале од 60-62 денари, односно на пр. ако се работни 22 дена по 60 денари иде околу 1320 денари. Доколку се земе во предвид дека после излегувањето од ковид пандемијата буџетите, односно блок дотациите преку Министерството се намалија за 21 и 22 година за сите градинки како и за нашата, па така наменската сметка се намали и средствата наменети за одржување на згради и за купување опрема и мебел. Ако се земе во предвид дека пред ковид пандемијата се издвојуваше за реконструкција на објекти односно одржување на згради околу 2 000 000 денари и за купување на опрема и мебел 1 500 000 денари, значи тоа се вкупно минус 3 500 000 денари. Значи трошоците на ел. енергија, прехранбените производи и екстра лесното гориво во 2022-та година се зголеми во однос на 2021-та година во износ околу 4 500 000 денари, а се намалени средствата за реконструкција на објекти и купување опрема во износ од 3

500 000 денари. Поради горенаведените причини ја поднесуваме оваа иницијатива за зголемување на партиципацијата на родителите за престој на децата во градинката. Според нас родителите би требало да плаќаат месечен износ од 2000 денари за храна и згрижување на дечињата. Во однос на приходите од партиципација на родителите за престој на децата со сегашниот износ од 1490 денари на месечно ниво се собираат приходи со просек од 1 300 000 денари од максимална можност до 1 800 000, тука сумата е различна пошто сите деца нема да плаќат 1490 денари, некој може да плаќа и под таа сума што значи како било во градинката, така и се плаќа. Со зголемувањето на партиципацијата 2000 денари месечен приход, приходот би се движел помеѓу 1 700 000 до 1 800 000 денари или максимална можност до 2 200 000 денари. Со зголемување на партиципацијата, која родителите би ја плаќале за храна и згрижување на деца јасно се гледа зголемување на приходот на месечно ниво од 400 000 до 500 000 денари со што би се покриле зголемените трошоци за ел. енергија, храна и греење, а на децата би им се овозможиле исполнување на сите услови за безгрижен раст и развој уште од најмала возраст. Тука да напоменам за 2000 денара ако би била сметката на пр. околу 1320 денари испаѓа само за храна, меѓутоа градинката тука има и други трошоци. Тие трошоци во таа сметка мислам самофинансирачката што ја имаме тука спаѓа набавка на информатичка опрема, имаме ние секој воспитувач треба да поседува и лаптопови, работиме, дневниците ни се електронски, друго одржување на компјутерска опрема, исто така трошиме гориво за што пренесуваме храна, во таа сметка, набавка на материјали, за поправка, за образновно наставнички образовни помагала, односно играчките на децата, тука спаѓа набавка на кујнска опрема, прибор исто така за вработените набавка на облека, униформи, постелнина исто така, потоа набавка на канцелариски материјал исто така што имаме и услуги тоа се фотокопирање, печатење, обезбедување на објекти, сервисирање на компјутерската опрема, сервисирање исто така на ел. апарати пошто ние располагаме со голем број на ел. апарати во сите 9 објекти, со казани, со печинари исто така и за тоа имаме трошокови, набавка исто така на интернет, мобилна телефонија, редовни систематски прегледи имаме на вработените, редовни санитарни услуги имаме што треба сите што работат во кујна, исто така и давателите на услуги подлежат на тие

работи, сето тоа спаѓа надвор, не е сето за храна, спаѓаат и другите обврски, меѓутоа сме благодарни и од страна на Локалната што ни дава дел од средствата за привремени вработувања, исто така и од блок дотацииите сега имаме и зголемување на блок дотацииите, тие се за плати и за нафта беа последните зголемувања. И мислам дека не е преголема сумата за 2000 денара врз основа на сите трошкови што ги имаме и сите покачувања и сите овие услуги што ги бараме на пр. и сите тендерите што се, сите и на нив му се зголемени и не само на прехрамбените производи, сите услуги се зголемени сакам да кажам.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни,почитувани медиуми, почитувани сограѓани.На денешната седница е поднесен предлог од Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка,,Рада Поцева,, за зголемување на надоместокот за храна на децата од предшколска возраст така што тој наместо досегашните 1490 денари треба да изнесува 2000 денари, да се покачи т.е. за 500 денари. Да ве потсетам дека пред 2 месеци Советот на Општина Кавадарци ја усвои иницијативата за бесплатен престој на деца во градинка поднесена од советникот Круме Богевски од Левица, оваа инцијатива беше изгласана со Заклучок дека доколку се решат барањата за времените вработувања во градинките кои беа на товар на општинскиот буџет и се добијат потребните согласности од МТСП така што истите овие времени вработувања бидат на товар на МТСП Општина Кавадарци ќе овозможи бесплатен престој за децата во градинка затоа што општинскиот буџет ќе се ослободи од трошокот за плати, надоместоци од плати за овие вработени за околу 500-600 000 денари. Денес и покрај тоа што овој заклучок е целосно реализиран бараните времени вработувања се решени и општинскиот буџет е ослободен од финансиските средства, наместо бесплатен престој се предлага зголемувањена надоместокот за престој во градинка. Советот и Градоначалникот го губат дигнитетот со вака контрадикторните одлуки и се доведува во прашање сериозноста на работењето на Советот. Да потсетам дека Општина Кавадарци за организација на Гроздоберот во услови на криза потрошивме многи пари и сметам дека покачувањата што ги направивме на комуналните услуги за вода и смет со што граѓаните ги осиромашуваме уште повеќе е доволно и дека треба Општина Кавадарци во услови на криза да не ги покачуваме сметките кои се на товар на граѓаните за да можеме полесно да

ја поминеме кризата, тука да ги пренасочиме овие средства кај најранливите категории за да може полесно да се преброди периодот на криза. Советниците на СДСМ и Коалицијата се против било какво покачување на надоместокот за престој на децата во градинка. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Како и претходната седница што споменав легитимитетот на овој Совет е целосно изгубен со контрадикторноста на одлуките кои што ги донесува истиот, веројатно тоа се должи на апсолутната власт која што ја има ВМРО ДПМНЕ во Советот на Општина Кавадарци, па така паушално се гласа на одлуки. Досега тоа се однесуваше и на поскапувањето на такси услугите со тоа што како што кажав на една седница на Советот на Општина Кавадарци беше тргната точката од дневен ред, па потоа само за еден месец да биде повторно ставена на дневен ред, понатаму за поскапувањето на услугите од ЈП Комуналец Кавадарци кои што на координација беше со мое големо инсистирање беше тргната точката од дневен ред за поскапување на водата, за само месец, два да биде повторно ставена на дневен ред и да биде изгласана за и еве денес истото го гледаме, уште пред 2 месеци беше подржана мојата инцијатива за бесплатни градинки во Општина Кавадарци со што би се зголемила нели солидарната и социјалната политика во Општина Кавадарци како една од пример за другите општини кои што би биле во Кавадарци и денес гледаме декасе носи контрадикторна, е предложена т.е. контрадикторна одлука која што ќе видиме како ќе гласа апсолутното мнозинство на ВМРО ДПМНЕ денес, но заради тоа што знаеме кој е во Управен Одбор, од кој доаѓа самиот предлог очекувам јас да тие нели си го изгласаат самите за ова поскапување, дали нели власта подразбира и одговорност така да цените на струјата не се поскапија сами, СДСМ ги поскапи, ја поскапи струјата, градинките не се поскапуваат сами ВМРО ДПМНЕ ги поскапува градинките така да секој кој што е подготвен да сноси одговорност за тоа јас го поздравувам, но како што кажав јас ќе гласам против оваа одлука заради тоа што се губи легитимитетот на овој Совет преку контрадикторно гласање на одлуки, кои што еднаш биле подржани како сосем спротивната одлука. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас пред два месеци гласав воздржано. За мене немаше економска логика, за сите деца

што се во детските градинки да биде бесплатен престојот. Сега, денеска после излагањето на директорката и после читањето на материјалите јас ја сфаќам потребата за покачување на цените и сите треба да дадиме придонес оваа криза да се надмине, меѓутоа ќе барам од овој Совет да донесе некој заклучок со кој што на ранливите категории и на социјалните случаеви да се изготват критериуми на тие лица, не да бидат бесплатни меѓутоа да бидат 50% од утврдена цена 2000 денари, нека бидат тие по 1000 денари. Предлагам, давам таков предлог и тогаш би гласал за покачувањето од 2000 денари. Само да не бидат опфатени со тоа покачување и социјално ранливите категории. Ви благодарам.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Колега една реплика. Во овој случај социјално ранливите категории би биле дополнително оптеретени, пошто сега плаќаат 50% од надоместокот . Значи 50% од 1500 денари е 750 денари, а 50% од 2000 денари е 1000 денари. Значи во овој случај социјално ранлвите категории ќе бидат дополнително оптеретени.

СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Добар ден колеги советници, Градоначалниче, Претседател на Совет. Досега значи постојат правила дека родителите кои што се самохрани се ослободени од плаќање на градинката, исто корисниците од ромска популација, деца кои зимат детски додаток и тие се ослободени. Не знам дали сте запознати дека после тоа имаше комисија за изготвување на предлогот. Има 3 комисии кои што се одржани и главниот заклучок од сите тие 3 комисии е дека 3 состаноци на комисијата. Едниот од тоа е дека советникот Валентина Бањанска направила консултации со граѓаните и матичната партија и се согласува дека сеуште имаме нерешени времени вработувања во градинката и економска криза и најчесто младите парови 1000 денара му значат многу, економистот уште во тоа време значи пред месец, два искажал дека трошоците прехранбени се зголемуваат за 20-30, воа е значи во записникот влезено, се покачуваат за 20-30%, струјата излегува тогашната според тогашната цена за 1 000 000 денари, нафтата исто за 1 000 000 денари и стравуваат да не имаат и во иднина проблем со договорот за исхрана на децата. Значи уште од тогаш се сомневаат како цените вратоглаво растат, така дека и цената на градинката ќе треба да се покаче за одредено ниво и на крајот советникот Круме Богевски констатирал дека по извршени консултации со граѓаните и со партијата ја повлекува инцијативата што ја имал за идеја. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани бидејќи бев член на таа комисија што кажа советничката Ружица јас знам дека бидејќи полипартизмот значи да се почитуваат различните идеи, различните мислења, бидејќи ние сме предиктори на некои гласачи би било коректно и добро кога сме во затворен круг без медиуми и без камери тука, кога нешто ќе се договориме меѓу нас, а да не биде во медиумите пуштено, ние едно се договараме, а кога ќе дојдиме тука на Совет поради тоа сме уклучени во јавноста, а треба да бидиме бидејќи сме 21 век, ништо не смее да има тајно пред гласачите ние тука кажуваме сосема нешто друго. Значи ако се веродостојни, а се веродостојни записниците бидејќи се одржаа 3 средби на кои и јас бев член на таа комисија, апсолутно тија записник, секој нареден беше дали го усвојува претходниот записник. На трите записника, на трите седници трите записници немаше никаква забелешка. Интересно е тоа што сега кога беше едно договорено на тие комисии, кога ја ставиме точката сега на дневен ред таму сите едногласно ја прифанавме, сега почна да ни пречe зошто е поскапувањето, а кога бевте на комисијата и ви самите присутни се сложите дека таа цена што е за градинката моментално за месечен надомест е реално мала, бидејќи имаме проблем со тековното функционирање на градинката со оглед на тоа дека имаме тендери на кои не сепојавува ниеден кандидат за предложената цена, имаме проблем сега со набавка на гориво, на мазут за греење. Значи едно се договараме на тие комисии, а потоа тука си продаваме секој различно гледиште, различно од тоа што сме го застапувале на комисиите. И на крај крајева и тоа не е толку голем проблем од аспект дека сите се додворуваме на гласачите и сакаме да се покаже колку едните мислат, а другите не мислат, а во основа не е така, треба на граѓаните да им го отвориме трошокот колку троши градинката, колку градинката добива и дали со таа цена што е понудена од 1490 денара од дете може она тековно да функционира. Во однос на подносителот на инцијативата нашиот советник Круме Богевски он во два наврати и во двата записница е дадено ја повлекува самата инцијатива, али добро тоа си е негово гледиште кога еднаш се откажал сега смета дека истата е веродостојна. На крај крајева секој може и да згреше, ете човекот сега виде дека така не требало да биде, згрешил што ја повлекол. Во секој случај едно мое гледиште е дека најрелевантен извор и фактор е дека

живееме во едно реално поскапување на живеачката каде што народот се сензибира више на тоа поскапување, тоа дека само локалните функционери се криви, заради тоа што треба поскапо детски додаток за градинка јас не се сложувам бидејќи поскапувањето мора да биде двојна игра, односно игра централната власт што ја води, а граѓанството наше го сензибилиравме на тоа поскапување и мора да им го образложиме зошто треба да има поскапување. Кога изјавил премиерот и лидерот на опозицијата синоќа и кога кажува свој сет на мерки за стопанството, за струјата така треба да им објасниме на граѓаните зошто како што ни кажа сега менаџерот на градинката треба да има поскапување, тоа треба да го прифатат, треба да биде издржано. Ако влезиме во еден лавиринт кој е крив дали ВМРО има цел да се поскапе градинката, а СДСМ не сака, у иста прикаска може да се врате за поскапување на цената на струјата за која пак директен кривец е централната власт. Во едно време на пандемија, на глобална економска криза и глобална сиромаштија сметам дека ова поскапување не треба, да бидеме малку покооперативни према локалното население и мислам дека во однос на локална политика нема да ни дојдат многу на добро на населението, односно треба реално да се согледат сите проблеми што ги кажа менаџерот од аспект дека ако има тендер на кој не се јавува никој, бидејќи цената е премногу ниска, а побарувањата се премногу високи апсолутно треба да се верува бидејќи најбитно од се е да имаме деца што одат во градинка, да бидеме горди ради тоа што имаме на ниво на национала најмал број на деца незапишани во детска градинка и заради тоа што во последните 4 години бројот на деца се зголеми од 700 на 1200. Така да има што да се пофалиме во сето тоа и апсолутно во време на глобална криза и глобална економска немоќ сметам дека овој исказ на менаџерот апсолутно го подржувам и второ во однос на нашето мислење како советничка група ВМРО како мнозинство никогаш немаме тенденција на наметнување на нашето мнозинство над малцинството, иако по бројот на советниците помал на број. Секогаш треба да биде добро образложено и сметам дека во таков дух треба да ги водиме и наредните 3 години од овој Совет. Ви благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Претседателе исто така и јас бев член на комисијата т.е. тоа беа работни состаноци одржани меѓу советниците. Јас ќе го прочитам мојот

дел од записникот. Тој записник не го усвојувавме ради тоа што тоа беа работни состаноци и немавме на следниот состанок ви с4е разминавте со советникот Тони Нешковски,ако се сеќавате на тие работни состаноци немавме усвојување на записниците што сме кажале значи претходниот, како сме утврдиле испадна на крајот од тие работни состаноци на предлог дека самата инцијатива се констатира да биде повлечена на претходната седница што беше минатиот месец. Така заврши значи ...јас имам да лкажам вака сега прашање да поставам конкретно значи во државата се превземат најразлични мерки за издржување на самата криза . Моето излагање и сега беше да не бидеме контрадикторни како Совет, значи планираме од пред два месеца,од инцијативата кога е поднесена одиме кон покачување на надоместоците. Тоа не треба да ни се случува, затоа што таквата инцијатива беше усвоена, заклучокот беше ставен значи и тоа го изгласавме ние самите советници, а со нас Градоначалникот сме контрадикторни пред граѓаните сакале или не сите ние сме учесници во тоа. Прашање ми е да прашам дали конкретните мерки пошто ги преземавме ние како советници и Градоначалник за што помагаме од општинскиот буџет, значи не прашувам од државно ниво, со фотоволтаици на градинки, училишта, значи со што ние конкретно помогнавме и дали и другите општини разгледуваат вакви точки на покачување на надоместоците за трошоци и храна на децата или ние сме општина најзагрозена, па први треба да се впуштиме во качување на таквиот надоместок. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, почитувани служби и почитувани сограѓани. Плодна дискусија, различни гледања на ситуацијата. Јас би се навратил малку да образложиме комплетно и во изминативе 4 години и пред вашиот мандат како советници, а и мојот истрошен мандат претходен во делот на градинките, меѓутоа би се навратил и би кажал за сегашната состојба во делот на она што значи трошок на градинката и баш на оваа дискусија последна и на советничката и на сите други сакам вака најобјективно, најкреативно и најразумно да го кажам моето размислување и мислам дека ќе го сфатите. Не сме ние Општина која е најзагрозена апсолутно, ама нема и да дозволам пак да бидеме општина најзагрозена. Целта е да реагираме на време, да не изакумулираме трошкови што нема од каде да ги покриеме и да бидеме со блокирани сметки како на пр. централната власт

што и се блокираните сметките на Водостопанство, 3 месеци не земени плати, луѓе кои што штрајкуваат и немат леб дома да однесат, како што ви е блокирана сметката на Општата болница во Општина Кавадарци и ред, ред други јавни, односно државни институции кои што ви се блокирани во 21 век, плата немаат земено 3 месеци. Нема да го дозволиме тоа во Кавадарци да се случи. Второ да Општина помага на градинките, тука сме сведоци со одлуки на Совет и со целокупното залагање, 65 вработени имавме преку Општината кои што ги плаќавме, сега имамме 31 вработен времено преку Агенција за времено вработување. Не е точно дека ги решивме сите вработени со блок дотации, а не испадна Министерството во пресрет него тоа е законска обврска на Министерството да ги превземе како блок дотација да ги плаќа тие вработени по систематизација и по отворени градинки. Ќе ве потсетам на една работа, не бевте активни во тој Совет, 2018 година имаше 520 дечиња запишани во градинка и кога одевме во кампања луѓето не молеа да ги ставиме на список за да го запишеме детево во градинка, а врз основа на тоа да збираме глас. Не, тоа е надмината работа. Сите дечиња заклучно со 30 август се упишани во градинка. Во Македонија не постое ниеден град што ги има примено сите деца. Тоа е град Кавадарци, односно Општина Кавадарци. Од 32 паралелки кои што ги имавме во градинката сега имаме 51, со доградбите што ги направивме во Снежана, доградбите во Централната градинка, доградбите во Пепето, градинката во Марена, градинката во Возарци, градинката во Здраствениот Дом, новата градинка која што е изградена на ул. Ресавска. Што помогнала Општината. Па во овие сите што ги набројав сега негде околу 30 000 000 денари Општината има сопствена инвестиција, немој да мислите дека тоа така никна и се направи од нечии други пари. Значи Општината има сопствени инвестиции и во новата градинка само по експропријација на земјиште плативме 4 500 000 денара. Тоа се пари луѓе. Тие пари ги собираме ние од буџетот на Општина Кавадарци, не ги наоѓаме од друго место. Така да Општината будно, активно ја следи целата ситуација, инвестира и во фотоволтаци, што е напред сме од сите и тука ќе се пофалам еве лично, сите спијат за таа работа, на крај после немаме ел. енергија. Животот е скап. 1 литро нафта е 90 денара. Оти не се загрижите, па дај да се откажиме од акцизата за нафта да биде 60 денара, ако не требаат пари на државата. Пари ќе требаат и парите се

неминовна работа за функционирање и на Општина и на било која друга институција. Пак ќе потенцирам, нема да дозволам да акумулирам загуби да дојдиме до ситуација со блокирана сметка и после тоа да не можат дечињата да бидат сместени во градинка или во основно или средно училиште. Вие треба да размислувате од денеска што ќе правиме ние во месец декември, јануари и февруари, за таму ќе ни требаат пари и ќе ни требаат дебели пари за да го одржиме основното и средното образование како Општина во функција и да биде со физичка настава. Државата не може да ни помогне во целост, сигурни да бидете, така за таму ќе ни требаат големи пари за да ја одржиме наставата во физичка настава, а не да отидиме во недај боже онлајн настава. Би се навратил на градинките и би кажал вака јас лично заедно и со директорот и со целокупните чинители од негуватели, технички персонал, воспитувачи гарантирам една работа дека нашите градинки ќе работат, нашите градинки нема да штедат во делот на греење, нема да штедат во делот на храна, ниту во квантитет, ниту во квалитет. Тука ќе се посветам максимално. Да секое дете кое што е нешто најмило на светот биде згрижено соодветно, има топла просторија, хигиенски услови максимални, има храна соодветна и како што треба на крајот испратено дома кај родителите. Градинките се основен алат за да може едно семејство да функционира нормално и да оде на работа секоједен за да детето биде згрижено.Не ова социјална категорија или било што. Социјалната категорија која што ја спомнувате е ослободена од плаќање на надомест во 100% од градинката и така ќе остане тоа. Социјалната категорија ќе биде ослободена 100% од партиципација. Ова не е плаќање на градинката, советниче ова е партиципација во градинката. Градинката едно дете месечно ја кошта од 18-20 000 денари. Има приватни градинки, прашајте колку пари е да оставиш дете да го гледат во градинка. Значи ние зимаме 10 % само партиципација на дете во градинка, 80 односно 90% ги покриваме трошковите за истите деца. Кога ќе се навратиме во делот да направиме анализа и која што ја правевме анализата во делот на квалитетот на храната сами знаете дека 1 литро млеко сега е 80,90 денари, јогуртот исто, месово отиде на 500, 600 денари, маслото, основните продукти се качија со 2-3 пати во делот на цената, така да нема друг начин. Со ова покачување од некојси 20%-25% добро 30% е 500 денари месечно. 500 денари месечно мислам дека не е апсолутно никаков плус, товар или терет, ако во спротива ги покачивме

25% плативе на државната аминистрација, 25% платите се покачија во јавните институции, 20% се качија плативе во приватниот сектор, а и минималната плата ја зголемивте, еве ваш успех на 18 500 денара. Така да веќе треба да размислуваме за подигање на плативе, а не да зборуваме за 500 денари трошок месечен за партиципација на дете во градинка. Квалитетот во градинките ќе биде на уште повисоко ниво. Овие пари нема да придонесат за ние да направиме нешто ново, него да ја поминеме оваа економска, енергетска криза, односно да презимиме. Доколку се стабилизираат цените на пазарот и дојдат во нормала, а знаете која е нормалата на едно семејство, тогаш ние можеме да размислуваме за било што. Да точно е советникот Круме од Левица ја даде инцијативата и многу добро е да збориме така, ќе ослободиме се, не ни требаат пари, ќе ги ослободиме сите од плаќање, супер, а за година дена што правиме после кога ќе фрлаат со дрва и со камења по нас , кога ќе ни ја исклучат струјата, кога ќе нема плати за вработените, кога ќе нема пари за храна за децата, тогаш ќе им кажеме луѓе сега двојно платите. Од тие такви популистички мерки, еве само еден пр. ќе ви кажам. Популистички мерки кои се водени 20 години station наназад, 20 години и е пракса да се водат од фирмата што купуваа струја од државата енормно ниска цена, бесплатно ја купуваа стујата по 3 денари, државата немаше пари да направе никакви нови инвестиции во енергетиката, е сега затоа е 30 денари kw. Ако државата мислеше тогаш и струјата беше 6 денари, секој бизнис сектор и домаќинствата тоа ќе го издржеше, не сега да биде 30. Вие сигурно пазарите, во маркетиве се фрижидерите исклучени сите, од најелитните маркети, па до дуќаните. Ние сме во ладна војна. Во ладна војна сме, а зборуваме за популистички мерки. Апсолутно. Значи фриждери исклучени, сијалици изгасени. Немојте. Дај да ја видиме реалноста и трето погрижи се за друга работа. Српските производи, албанските и косовските на полиците се поевтини од македонските производи. Трајно ќе ја изгубиме економијата, а тогаш ќе биде уште пострашно. Сите дечиња се запишани во градинка, наредната година пристапување кон отварање уште на 3 клона, Сопот, Глишиќ и Дреново, со наши инвестиции. Тоа ќе бидат 3 клона со уште по минимално една паралелка во клон, значи уште 90 дечиња да се згрижат да немат луѓето трошкови од Сопот сега да го носе во Кавадарци детево во градинка. Тоа е поголем трошок него да партиципира плус 500 денари . Така да во тој дел јас се согласувам и сум против

популистички мерки во делот на носење за доброто на нешто што значи моментално.А долгорочно треба после да бегаме од граѓаните. Немам намера да бегам од граѓаните. Не сме за еден ден, така да навреме си ја фаќаме работата како и сите други работи и фотоволтаици и комунална изградба и ова, ова е дел од тоа што мораме ние да го партиципираме. Доколку имате друг начин слободно кажете ни го, ние би го прифатиле како да ги покриеме трошковите. Немојте популистички само. Зошто покачување дај да ја намалиме цената. Во ред дај да ја намалиме. И јас сум да ја намалиме цената. Како ќе ги платиме вработените, како ќе набавиме храна. Дај бе. Ако може да менаџирате подобро нема проблем директорка, земете нека менаџираат. Значи ние ја кажуваме реалноста. Не качуваме за да превработиме, не покачуваме за да заштедиме на други средства и да направиме било што, него секое покачување е неблагодарно, ама на крајот од денот долгорочно опстанокот е најбитен. Не познавам производ и услуга што не е покачена во државата . Имаме генерален проблем со цените. Премиерот вчера имаше излагање за сет на мерки и ги видовме тие сет на мерки коишто да можеби не се најпопуларни во моментот, али веројатно и нашата држава и се долги нозете колку што може да ни помогне. Ако набавувате струја на отворен пазар 500 евра mw тогаш ќе се позамислите малку и ќе видете во која ситуација сме. Еве го советникот Јован воде фирми над 40 книговодство, нека испадене, нека каже дали една од 40-те фирми што ги воде остварила добивка за првите 6 месеци или 9. Сите се во минус, а минусот е веќе трајна последица, така да популистичка мерка јас не би прифанал, би дал простор да разговараме апсолутно за тој дел и најбитно ми е пак ќе потенцирам трите работи секое дете да биде згрижено соодветно, негувано соодветно, нахрането квалитетно и соодветно и да има услови максимално добри во делот на затоплување, во делот на хигиената и во делот на храната. На граѓаните ќе им помогниме на друг начин советничке. За догодина 23-та ќе ставиме во програма, како што гледам ќе ја подржите и вие на 300 домаќинства ќе му дадиме субвенции по 2000 евра да стават фотоволтаици од 6 kw, државата партиципира 1000 евра, ние ќе дадиме уште 1000 евра како Општина и они ќе доплатат минимално со 2000 евра и тоа ќе биде пак проект прва општина во државата. Е така ќе му помогниме на граѓаните наредните 15 години да плаќаат 30%,40% помалку струја, а нема

да му помогниме ако му ја намалиме партиципацијата. Тоа е популистичка мерка која што немаат краен бенефит, а сето друго што може да го помогниме во делот на производство, во делот на трајна заштеда, мислам дека има краен бенефит граѓанинот долгорочно така да мислам да не се надмудруваме, да ја согледаме реалноста , доколку имате друга идеја како да ги тие средства надополниме и не станува тука за енормни средства, меѓутоа средства доволно за да се опстане. Заштедувањето во градинките знаеме каде да го направиме, ама ни по една цена не може да го направиме во делот на квалитетот и во делот на условите кои што ги имаат дечињата. Знаете дека таму има дете од година дена па до 5,6 години кое што си бара свои потреби. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник нема да зборувам за градинките него баш ова како идеја што го правевмесо субвенции давање на шпорети за пилети, субвенции се давале и во моите мандати, секогаш глобалната политика на светот и на Европа не фрла во замка. Кога требаше да излезат победник они ни даваа субвенции од светот за да ставаме каблови и да ги закопаме и после една година закопавме каблови, па фиксните телефони испаднаа дојдоа мобилни и не треба, толку е. Трошевме, дававме субвенции за шпориња на пилети, пилетата 5 пати се зголеми, значи некоја голема сума две вреќи стави во дупка и имам намера дали до крај успевам во таа работа. И да му дадаме субвенција на граѓаните, а после било што, субвенцијата 10 пати е понижена и пад на економија. Тешко е да се снајде мала држава, сега ние сакаме да збориме и за некои работи па и Европа да ја расправаме. Не е добро, а е морално да има некое покачување и треба да се разбериме едни со други дека како Градоначалник и Претседател покушавате да направите...Нормална работа е ако треба да се гласа мнозинството да го гласа, опозицијата не очекувај да ти даде подршка, ниту пак јас ќе ти дадам подршка за поскапувањето. Знам дека е морално, ама не ти давам подршка и ради тоа што да биде мешано, шарено исто како што вие не дадовте подршка за некои мои идеи, се собирате таму во канцеларија и се договарате и викате градинките треба да дадат 20 решенија, ама дај овие од ВМРО да земат, а Ристо и јас знам дека е тоа така морално и го прифаќам како такво и не ви се лутам немој сега да ме убедуваш да гласаме сите исто.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако може само да го надополнам. Значи јас не сакам да ве убедувам да гласате. Јас само сакам да изаргументирам за граѓаните и да кажиме тоа што мислиме.
СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Градоначалниче јас поставив едно прашање кое што не беше одговорено, во меѓувреме како помош со што конкретно ќе помогнеме на нашите граѓани затоа што државата најавува сет на мерки.Што ние сега помогнавме освен што покачуваме и за вода и за сметки, еве сега и градинките ќе ги покачиме. Јас би предложила оваа сума од 2000 денари значи да ја намалиме еве сега тука сите на пониска, нека биде 1800, 1750 со тоа што би се заштитиле да биде поминимална, пак ќе биде приход на градинката, ама мислам дека тие треба да се направат да бидат на понизок износ од 2000 денари. Да видиме со општинскиот буџет нека биде нешто најблаго што може. Тоа е мојот предлог.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да извини. Тоа прашање ти го одговорив. Се согласувам и во ред е да ние направиме нешто што поблаго да биде. Со што сме му помогнале на граѓаните. Ние во Р. Македонија плаќаме најевтина вода. Тоа не е помош. Не уште плаќаме најевтина вода. Вчера ми беше Градоначалникот на Виница има 28 денара по m3, Штип 29, Велес 35, Стумица 35, Прилеп 38. Ние колку имаме. 20 денари. 21. Значи тоа е помош. Значи ние не сме направиле енормна цена на водата . Ако ги споредиме другите општини видете јавно и транспарентно најниска цена имаме на водата . Тоа е директна помош. Второ дававме субвенции за грејни тела, дававме субвенции за велосипеди. Дојде како што реков социјална војна или ладна војна да биде контрадуктивна дававме клими и цела држава даваше клими и Владата даваше клими и сега викаме нема струја . Кој го очекувал тоа. Никој не го посакувал. Не е само кај нас тоа сакам да ви кажам. Е сега нема проблем ние да ги помогниме граѓаните, социјалата нели кај нас постои.Знаете дека имаме еднократна помош за сите социјално ранливи категории и два пати годишно може да поднесат, знаете дека за лекување, за други потреби го подржуваме секоједен, елементарните непогоди, еве сега имаме точка да гласаме во делот на тие работи. Значи ние граѓаните не ги забораваме, ама ние не сме држава или централна власт кај што можеме да даваме субвенции на граѓаните. Нашиот буџет е тој кој што е и нашата улога на Општината е да го одржаваме тоа што е под нејзина ингеренции и да ја одржаваме комуналната инфраструктура, а во тој дел мислам дека сме

одлични. Ние можеме да бидеме социјална институција Општина да ги помагаме граѓаните пошто немаме ни таква гранка, ниту таков буџет. Конкретно ова што го спомнав пред два месеци сега и за месец дена вие ќе имате предлог проект 300 семејства да ги помогниме со по 2000 евра да стават фотоволтаици, 300 семејства по 6 kw е 1,8 mw инсталирана моќност. Така ќе и помогниме и на државата и на семејствата им помагаме. Кешки сите да го прават истото. Мал е бројот 300. Ама зошто немате ориентација. Колку имате инсталирано во Скопје на куќи фотоволтаици. 20. Ти викаш малку е. Како малку. Како одредивте дека е малку. Ама тие 300, догодина 300. Знаеш што значат 300. 300 значат секоја ден по едно семејство добива по 6 kw. Физички, материјално не можеш да постигниш ти да монтираш повеќе, нема капацитет општеството да дојде да монтира повеќе, една куќа се монтира 3 дена , треба да има петмина, тоа ќе бидат 15 -20 луѓе инжинери обучени да монтираат, физички не можат да стигнат повеќе да намонтираат, догодина ќе ставиме уште 300. Значи тоа се 600 000 евра кои што ќе ги дадиме директно импаркт, трајно, 20 години ќе помогниме во производство на ел. енергија и ти гарантирам дека ќе бидиме првата Општина што ќе се упишиме во Катастерот со најмногу поставени фотоволтаци по семејства. Првата општина ќе бидеме. Ова ако сакате разговарајте го дали да биде 2000, дали да биде 1750, дали да биде 1800, не менува ништо 100, 200 денара апсолутно ништо. Пак ќе биде популистички. Значи јас не се мешам во таа работа. Си има Управен Одбор, си има ценовници кои што ги дале и мислам дека пак е на минимална граница и еве лично ја сносам одговорноста во делот на покачувањето на цената, на никој нека не биде одговорноста, нека биде моја лична, а благодетот ќе го имат граѓаните. Нема да се доведиме да се блокираме с-ки, нема да се доведиме да бидиме со блокирани сметки, нема да бидиме со сметки нерентабилни и да биде тоа после на товар на децата. Што ќе правиме после. Ќе отпуштиме 200 деца од градинката затоа што не можиме да ги храниме. Такае некоректно. Социјалната категорија да се изземе од плаќањето во целост, ромската популација се ослободени во целост од плаќање. Ќе им помогниме на граѓаните од месец декември или ако стигниме најдоцна во јануари кога ќе го пуштиме јавниот превоз. Ќе им помогниме многу, поготово на периферијата, на приселата, на населбите тука приградски, па и на централното подрачје. Нема да одиш со автомобил на работа, ќе си одиш со

културен автобус за 40 денара карта. Вие сами знаете дека сега со 50 денари, а бе еден ѓеврек е 30 денари, отиде работата назад.Ти Тинекс или Кит-го или било кој да влезиш внатре ко воена состојба, светла нема, фрижидерите не работат, мислам чувството не е убаво. Епа енергетска криза дај сега пак ќе кажам. Па и нема веќе луѓе. Знаете колку ресторани се затворат, знаете колку, значи не е ова сега да собираме поени, апсолутно не, не е за поени да се собира, а ова што го потенцираме еве дајте вие Еуро Никел прекина со работа. Тоа се 1000 семејства. Ама на 70% до кога. Утре ги испушта дел. Е тоа е лошото. Да не се доведиме луѓе до тоа. Да не се доведиме. Јас пак ќе кажам тие пари ниту се мои, ниту ваши, тоа се за функционирање на градинките, а нашите градинки фала богу во овие 5 години еве додека сум тука не имало ниту еден посебен, никаков инцидент во делот на незадоволство од некоја повреда или било што и напротив затоа вчера формиравме Комисија за да бидеме потранспарентни и поочетни двајца вработени од Општината, советникот за образование, за градинките и еден друг советник по спорт ги ставивме на секој прием на роба да имаме двојна контрола. Тоа значи дека градинките кога ќе ја примат робата, храната или било што од материјал ќе имаме и ние контрола од Општината и сите треба да прават записник и допис дека таа роба и по квантитет и по квалитет одговара на она што е порачано. Тука можеме ние да се заштитиме пошто верувајте иде време кога луѓето ќе гледат да дадат полош квалитет ради тоа што нема да одговара цената, рокови на производи да не речам поминати или при крај на рок. Значи мора да се заштитиме, а заштитата е таа. Благодарам.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР КЛИНЧАРОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници. Вака би сакал накратко на колешката да и одговорам, значи Градоначалникот даде како се правело и што помага Општината за градинките, но би сакал да ја потсетам и да му каже на граѓаните централната власт што помага. Значи лебот од 18 отиде на 45 денара, зејтинот од 70 на 150, така да тие се, млекото од 40 на 85 денара. Тие се основни средства и колку што знам во градинката постојат нормативи за нашите деца што треба да јадат. Значи оние смеат да конзумират само црн леб колку што не се лажам, колку грама млеко, колку грама мед, а тие цени отидоа трократно повисоко и затоа не е крива Локалната Самоуправа и мислам дека ние како советници со тие

минимални средства од 500 денара, да не бидеме популистички туку да им овозможиме на нашите деца правилно и квалитетно да се хранат. Целта е што повеќе деца али со политиките што вашата централна власт ги воде, како еве со Фени што се случува, со Дрекслермаер, јас мислам дека допрвин децата итекако ќе се намалат. Мислам дека Локалната Самоуправа доволно дава, но ред е малце и централната власт да се вклуче, да пуште инспекциски надзор пошто мислам дека цените вештачки растат. Ви благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани јас едно прашање сакам да поставам, ако може Претседателот на Совет да ми одговори зошто пред 2 месеци ја прифативте мислам ја прифативме како Совет инцијативата од Левица кога и тогаш знаевме како се цените, знаевме во каква ситуација живееме, работиме, беа очекувани нови покачувања, беше тешка ситуацијата. Значи зошто тогаш отворено не кажавме дека нема простор за таква инцијатива да биде прифатена, него беа одржани 3 состаноци. Значи реално е и очекувано што беше тогаш сето ова реално да се кажеше, да кажеме дека нема простор и треба да размислуваме во друг правец, уште тогаш требаше да се отвори тема дека треба да се покачат градинките заради тоа што се покачуват сите други производи, се одржаа 3 состаноци на Комисијата со цел да бидат ослободени градинките од надомест. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко да не заборавиме дека ние за првпат еве една пофалба за централната власт добивме толку согласности за вработување, меѓутоа да не ја заборавиме и другата страна ги чекавме една година. Иста ти советничке ни обеќаше дека ќе стигнат за 2 месеца, тоа беше во јануари месец, поминаа од јануари уште 4 месеци понатаму. Е добро де. Во февруари на седница на Совет. Важно стигнаа, стигнаа, во јуни стигнаа. Дај боже. Ама централната власт не ги дава за не уценува. Значи централната и локалната власт со детската заштита тоа е еден синџир нераскинлив и мислам дека тука не треба да одиме кој е позаслужен, кој е помалку заслужен. Буџетот што го одвојуваме како општински основен буџет за тие привремени вработувања со бројот на вработени беше прилично голема бројка. Реално овие последни 3 до 4 месеци стигнаме. Инцијативата поднесена од Круме беше разгледана и првично беше прифатена

и од наша страна и од ваша страна. Едногласно беше подржана инцијативата.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Не беше едногласно прифатена, него со заклучок беше значи стои согласностите да стигнат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Е па таа точка на Левица беше прифатена на Совет со заклучок.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Со заклучок и заклучокот се реши..Не дојдовме до бесплатен туку до зголемување на надоместокот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи откога се реши тоа во последните 2-3 месеци откога беа пуштени согласностите, откога се согледа цела ситуација, пред се во однос на трошоците на градинка и кога таа комисија имаше 3 состаноци кога севкупно се разгледа се установи дека за да нема пореметување на тековното функционирање на градинката, кое после ќе се одразе пак на семејствата и на децата, односно да останат дома се одлучи за оваа постапка, а од кога е договорено, односно кога Управниот Одбор ја имаизменаџирано таа сума, мислам дека ако влезиме сега во пазарна цена да 100 денара или повеќе ништо нема да постигниме, реално денеска парата е скапа, нема вредност, а затоа дека е крива Локалната Самоуправа што 500 денара ќе ја зголеме цената на месечен додаток за детска заштита мислам дека граѓаните се доволно свесни дека многу поголеманар ги удара тековната живеачка, него тие пари и на жал друг проблем е тоа што тековните отпуштања што се случуваат во индустријата и тоа што за 10 години 700 000 жители ја напуштиле оваа држава во идно време итекако ќе ни биде проблем со деца. Ќе нема народ.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи треба да се признае дека Советот грешка направи што ја прифати инцијативата, затоа што во тој момент знаевме дека има покачување, се знаевме и ние како Совет сме тука присутни и беше реална слика него едноставно тоогаш беше тоа популистички што се прифати таа инцијатива и после работите отидоа во друг правец.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател, Градоначалник, колеги советници, медиуми, почитувани гости. Значи ги слушав внимателно дискусиите на сите и заклучив дека премногу популистички излагања, премногу чарење на ситни политички поени, но мора да признаеме дека со доброто менаџирање на Општина Кавадарци и општо на локално ниво,

значи и со визионерското работење на Градоначалникот, ако сега немаме поставено фотоволтаици и на јавните институции, партиципацијата на градинката немаше да ја покачиме за 500 денара, за 1500 ќе ја покачеме. Ама реалноста е таа. Ај да направиме споредба колку имаме олеснување во делот на ел. енергија, во делот на јавното осветлување со тие фотоволтаици. Еден Прилеп плаќат, еден Велес по ненормални суми сметки за, а ние со фотоволтаиците што се поставени во Општина Кавадарци ни се намалени сметките и токму со тоа придонесуваме за граѓаните во Општина Кавадарци да не поскапуваме поголема партиципација и ред други работи. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, колеги советници, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Зборејќи по основ на оваа точка зголемување на партиципацијата на родителите коишто треба да плаќаат во градинките ја сфаќам како зголемување на партиципацијата за нормално функционирање на градинката и за згрижување на дечињата, нешто најсвето на овој свет да можат да бидат згрижени на најсоодветен начин, ухранети на најсоодветен начин, како што прилега за едно детенце да биде ухрането. Јас во разговор со директорката прашав каква е ситуацијата со распределба на млеко. Ми кажа дека добавувачот на млеко го откажал тендерот, затоа што цените кои што ги има за набавка на млекото и млечните производи се енормно поскапени и не може да изврши по тој тендер што бил не може да извршe добавување. Значи ние не може да очекуваме дека некое претпријатие ќе ни ги хране нас децата, не може да очекуваме дека било кој ќе ги хране нашите деца. Сакам да ви кажам значи дека во тој дел кај што има нели блок дотации сега во моментов се стиска на друго место за да му се даде основните потреби на децата. Значи да не збориме популистички дека носиме мерка некоја со која ќе ги осиромашиме граѓаните. Па нашите граѓани ги осиромашивме што ни останаа стотици хектари лозов насад необран колешке. Стојат прошетајте низ поле ќе видете не е обрано. Промашивме, зборевме популистичка мерка 15 денари 1 кг. грозје купија по 11 денари, по 10, по 9, по 8. Тоа се мерки кај што треба да се влијае да се направе. Не е работава како да го научиме како да јаде, да го научиме како да лове риби, не е работата, збориме популистички мерки за покачување на платата. Кое покачување на плати. Јас немам покачување на платата. Еднаш ја спремаа платата за

покачување, демек ќе ми ја покачат платата, ја покачија, 300 денари на контото ми стигнаа, во банката затоа што ми каснеше платата месец и кусур ми стигна 1400 денари закаснување на плаќање задоцнето камата на кредитот што не беше платен. Дај жити очи не носите сет мерки доста е. Дајте нека си функционира онака како што треба да си функционира. Значи уште еднаш ова го зборам, значи доколку станува збор за покачување да може менаџерот на градинката да си ја покаче платата или да си ги покачуваат платите на вработените и јас би гласал против. Треба, меѓутоа се знае како ќе се покачуват платите, а ова покачување се однесува за згрижување на дечињата да имат нормални услови. Затоа ве молам немојте да правиме од нешто што е најнормално. Значи се ни се покачи. Знаете и вие дека потрошувачката кошничка сега изнесува негде околу 45 000 денари за едно четворочлено семејство. Кажете ми како може да го ухраниме народот со две минимални плати од по 18 000 денари, кои што помпезно се фалат дека ни направиле покачување на минималната плата . Повторно им фалат на граѓаните пари. Значи им фалат 15 000 денари да можат да се прехранат, а зборимe за 500 денари месечно, кои што треба ние да ги одобриме да можат граѓаните нивните деца да бидат згрижени за да можат повторно они да си ги вршат нормално функциите, да бидат присутни на работа. Се надевам дека ќе бидат присутни на работа, не дај боже да ги испуштат како што почнаа по некои наши организации. Имаме намалување на број на вработени во прватниот сектор веќе. Ај што ги исклучија фрижидерите, ги исклучија, ама слушам дека има многу известувања дека дел од маркетите кои што се распространети на 7, 8 локации дека ќе ги намалат на 2,3. За тоа мора да водиме грижа. Тоа треба да ни биде приоритет. Благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи многу често сакаме да зборуваме за мерките на централнатаи политиките што ги води централната власт, па можеме да си закажиме и состанок како Совет и ако сакате можеме да дебатираме на таа тема, може да ги викниме и нашите пратеници, вашиот и од нашата партија и тоа не е проблем, но сега во моментов зошто ја прифативте инцијативата за да биде бесплатна градинката пред 2 месеци. Значи и тогаш ги знаевте овие податоци, и тогаш имаше цени, покачувања. Значи зошто, тогаш тоа е популистички, не е ова сега популистички. Вие знаевте дека се е покачено.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Затоа што тогаш вие имавте популистичка мерказа цените на лебот и млекото. Да имавте вие замрзнување најверојатно трик мерка, која што попосле беше укината, отидоа до плафон цените на млекото, лебот и зејтинот и сега пак ќе ги замрзнуваме. Зошто да му удоволиме на некој таму кој што е трговец да може да го сервисира...

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници исцрпена е точката. Истата ја ставам на гласање. Значи кој е за. 10 за. Кој е против. 5 против. Вуко. Против. Павле. Против.7 против и 10 за.

50. Одлука за одржување на гробишта во нас.Глишиќ и за утврдување на висина на надомест за нивно одржување, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

    Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За. Вуко. За. Павле. За.

51. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле.За. Одиме кон прва точка на Дневен ред. А тоа е:

1. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Вуко. За. Павле. За.

2. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2023 година ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Вуко. За. Павле. За.

3. Предлог-Одлука за одобрување на финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Вуко. За. Павле. За.

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за.Едногласно. Вуко. За. Павле. За.

5. Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба);

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани во делотна оваа програма требаше од страна од советникот од опозицијата од СДСМ да доставе еден елаборат дека може тоа да го прават и други служби да не биде дадено на тендер, па доколку има нешто такво би сакал да го погледниме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Пред колку време. Во текот на овој Совет имаше барање од советник за такво нешто.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Претседателе значи претходната, првите две седници или трета не се сеќавам добро сега на која седница беше, беше расправа за распределба на буџет односно 3 000 000 денари за зимската служба и во тоа време беше предложено од страна на советникот Вуко Мелов дека ќе биде изготвена програма кај што ќе каже дека тие 3 000 000 денара да не ги даваме на тендер за да ги користат други, туку да се направе зимска служба во склопот на Општина Кавадарци. Па прашувам дали е нешто такво изготвено за да знаеме да бидеме спремни. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче значи ти прашањето директно го адресираш до советникот. Вуко.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака членовите на Советот не се администрација советникот што е Перо Николов . Ако сакате да си изготвите анализа, затоа има администрација, затоа имате вработени во ЈП Комуналец и вработени во Општина Кавадарци. Нашата предлог идеја беше да не го прави тоа и таа јавна услуга да не ја обавува приватна компанија, туку да влезе во склоп на ЈП Комуналец како што е тоа случај во одредени други општини низ Македонија. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи на тој Совет вие лично потврдивте дека ќе направете анализа. Ќе ги провериме записниците.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Беше да влезе во таа услуга да ја дава ЈП Комуналец.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Точно, ама влеваше и анализа да се направе колку ќе кошта опремата која ќе биде купена за да се

врши зимската служба, колку број на вработени и сето тоа да има една финансиска анализа колку ќе ја кошта Општината. Врз основа на тоа колега само да завршам. Врз основа на тој разговор вие рековте дека вие ќе направите анализа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Анализи за било што.

СОВЕТНИЧАК ВЕСА БОГЕВА: Градоначалникот побара да направе, а Вуко Мелов не рече дека ќе направе.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ :Значи јас мислам дека тоа треба да го сработе службата. Ако мислите дека треба јас да го сработам, ќе го сработам и јас. Не е спорно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против. 3. Вуко. Против. Павле. Против.

6. Предлог- Решение за изменување и дополнување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Претседателе јас предлагам пошто овде станува збор за промена на советничката Ратка Росоманска со новиот советник Александар Мукаетов. Во прилог се надоле и другите комисии коишто се дел каде што партиципираше советничката Ратка Росоманска. Се изврши измена во тој дел само. Да не ги читаме сите него да си одат сите во едно ради тоа што станува збор за менување на советничката Ратка Росоманска каде што се става советникот Александар Мукаетов, а другите членови остануваат исти и претседатели на ваквото. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Точката 6, точката 7, точката 8, точката 9, точка 10, точка 11, 12 и 13. Значи точките:

7. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование;
8. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата зафинансии и буџет;
9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности;
10. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија;

11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка;
12. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална заштита и заштита на деца;
13. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам;

Го повикувам Претседателот на Комисијата за мандати да го каже.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи еден член се менува, станува советникот Александар Мукаетов.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи на местото на советничката Ратка Росоманска е советникот Александар Мукаетов. Во ред. Тогаш точка 6 ја ставам на гласање. Кој е за. Во ред. Едногласно. Точка 7 ја ставам на гласање. Кој е за.Вуко. За. Павле. За.
Точка 8 ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За.
Точка 9 ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.
Точка 10 ја ставам на гласање. Едногласно.
Точка 11 ја ставам на гласање. Во ред. Благодарам.
Точка 12 ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.
И точка 13 ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Во ред. Преминуваме на 14 точка.

14. Предлог-Одлука за давање на трајно користење движни ствари опрема фотоволтаични модули(панели) без надомест на јавни институции на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Павле. За. Вуко. За. Се извинувам мало појаснување од Градоначалникот. Повели Градоначалник околу ова точка. Тоа е 14 точка.

Предлог-Одлука за давање на трајно користење движни ствари опрема фотоволтаични модули (панели) без надомест на јавни институции на територијата на Општина Кавадарци. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК Благодарам Претседателе. Значи одлуката е за давање на трајно користење на движната ствар опрема за фотоволтаици и модули, панели без надомест на јавните институции на територијата на Општина Кавадарци. Јас би ги спомнал кои се институциите, значи знае јавноста ЈП"Мито Хаџи Василев - Јасмин" 20 kw инсталирана моќност, СОУ Гимназија Добри Даскалов 20 kw инсталирана моќност, СОЗШУ "Ѓорче Петров" 20 kw инсталирана моќност, ООУ "Тошо Велков - Пепето" со 20 kw инсталирана моќност, ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци 20

kwи ООУ "Тоде Хаџи -Тефов" 20 kw, ООУ "Гоце Делчев" 20 kw, ООУ "Димката Ангелов -Габерот" Кавадарци 20 kwи "Димката Ангелов- Габерот " Ваташа 20 kw и општинската зграда која што не ја ставаме нели во трајно користење, пошто наша сопственост е 20. Вкупната инсталирана моќност е 200 kw и токму на ова сакам да се надоврзам каков бенефит даваме ние на граѓаните. Само информативно месец септември до вчера проверени сметки по овие институции 10, немаме за доплата никаде ништо во делот на потрошување на ел. енергија. Инаку тоа е некаде за 1 000 000 денара заштедување на месечно ниво, односно за 40 дена беше анализата. Значи со самите фотоволтаици во даден момент повлекуваме од мрежа одредена снага на киловати, кога е облачно, кога нема светлина, али со тоа што после се компензира со светлината, ете се анулира и така да сметката за месец септември во овие 10 институции ќе биде само мрежарина и основни трошкови кои што се плаќаат нели по дифолт на државата и на ЕВН. Така да бенефитот е огромен, инвестицијата беше 6 800 000 денара, подржана со 50% грант од Бирото за регионален развој. Еве Веса од државата. Значи гледај вака сега и тоа ќе ви кажам. Таа државата е моја, наша, на сите. Општината е на граѓаните на Општина Кавадарци. Добар проект иновативен ќе го подрже и тој што не те сака, затоа што е во интерес на граѓаните, не е во интерес на Митко. Да работиме на проекти иновативни, да работиме на трајни решенија, кај што можеме да ги намалиме трошковите на Општината. Кога ќе ги намалиме трошковите на Општината, парите ќе ги користиме продуктивно. Многу лесно беше тој 1 000 000 денара ние да ги потрошиме на ел. енергија и ќе ги немаме или годишно 10 000 000 денара. Абе луѓе 10 000 000 денара колку е годишно. Тоа е 20% од данокот на имот од вкупната наплата на Општина Кавадарци. Воопшто не е малку. Ќе продолжиме со оваа работа, ќе имате понатаки иницијативи, затоа што ние имаме претпријатие за производство на ел. енергија МХЕЦ при ЈП Комуналец проектираме моментално со наши инжинери, наши вработени сите општински згради, училишта, градинки, спортски сали и други објекти ги проектираме да видиме каде има можност, колку исталираме панели и каде имаме можност за приклучок. Исплатлива работа. Со тоа ќе го намалиме трошокот, дури ќе имаме и приход на Општина Кавадарци и ЈП Комуналец и Кавадарчани нема да бидат засегнати во тој дел да имаме лоша кондиција на претпријатието.

Не одлична кондиција, хигиена на ниво, нови приклучоци си приклучуваат 750, си ја работат работава и мислам дека тоа е правиот начин за менаџирањето на една општина, не покрај оние што ни се тековни обврски, него и менаџерскиот пристап во делот на приходи дополнителни на секоја општина е добро. Сами знаете еве сега и со советникот Круме зборев дека и другите општини доаѓаат кај нас и ги бараат документите за да формираат јавни претпријатија за производство на ел. енергија. Така да Кавадарци било и ќе биде и многу е напред отидено да не е за подрек,машала ќе оде уште понапред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Одиме на 15 точка на дневен ред. Тоа е

15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Павле. За. Вуко. За.

16. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци вон-град;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Павле. За. Вуко. За. Во ред. Едногласно.

17. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Павле. За. Вуко. За. Едногласно усвоена.Благодариме.

18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.88/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Повели Круме се извинувам.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Претседателе само во однос на спогодбите од претходната седница имаше барање од опозицијата за извештај за спогодбите кои што досега се направени со физички лица и дали Оштината до сега има добиено, дали е во корист или има изгубено одредени средства доколку не би се направиле тие спогодби. Уште не е извештајот спремен и

доставен до советниците.Така да јас не бев присутен на комисијата, но има некои недоследности кои што се сомнителни и би сакал да имаме едно ажурирање нели, да добиеме една информација до каде е подготовката на тој извештај и дали ќе го добиеме, дали нема да го добиеме и станува збор за документи. Доколку има вакви неконсолидираности како сега кога на иста улица неколку цени имаме за различни спогодби, мислам дека ќе има и една агресија од страна на граѓаните и нели кога не знаеме врз основа на кои критериуми се носат спогодбите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче значи да. Тоа треба да биде јавно, транспарентно, најтранспарентно и внимаваме на таа работа. Општина Кавадарци во изминативе 4 години ги избегна судските пракси да оде со неколкукратни судења, рочишта, знаете колку кошта едно застапување на адвокат. За жал во делот на експропријациите сите трошкови легнуваат на Општината, без разлика која цена ќе ја постигниш. Значи не се деле трошокот на една или на друга страна, туку трошокот на адвокати и трошкови, судски процеси идат на Општината. Ние само по тој основ, само по тој основ мислам дека имаме заштедено некаде околу 4 000 000 денара. Така да еве Ленче во делот на раководител на правниот сектор ја би замолил покрај тоа што се направени спогодбите, колку имаме заштедено пари што ја практикуваме спогодбата со одлука на Совет. Ако биле во судски процес што значи тоа, тука се многу големи пари заштедени. Во делот на она што го споменавте на иста улица да се дадат различни цени максимално внимаваме да тоа не биде пракса, практика и сите работи, затоа што во тој случај едниот сме го наградиле, другиот сме го оштетиле и може да се јаве некаква разлика, доколку од едниот одземаме 300 м2 и му остануваат 50 м2, коишто му се нефункционална целина, а не можеме да ги земиме заради тоа што не се влезени во урбанистичкиот проект. Бараме некаков компромис за тие 50 квадрати со некаква сума минимална влезат во сумата на квадрати која што се одзима и тоа е ставено во записник зошто ако на некој сме му дале 24, на другиот е 26 евра. Сегде е аргументирано направено, али ќе ги извадиме сите спогодби, пошто е осетлива работа и јас не сакам да висе во ниеден случај, да биде јавно, транспарентно према луѓето и секоја забелешка во тој дел би сакал да биде јавно, да нема сомнение пошто сепак тие се државни пари, локални пари, на народот и секогаш кога правиме експропријации и спогодби луѓето се

незадоволни од цената, ама тоа е тоа што ние можеме да го платиме. Благодарам.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Едно техничко прашање, појаснување ако може јавно околу тоа зошто постапката 28/22 чини нели судските трошоци се за пола пониски, значи 10 928 се 22, а на 22/22 се 21 840 денари. Едно појаснување ако може околу тоа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам и тука да ти одговорам. Има адвокати кои што делумно се откажуваат од нивните награди, има адвокати не би ги именувал кои што викат не јас си ја барам во целост надоместот, он толку си пријавува, а има право да го пријаве. Е сега има адвокати кои се малку пофлексибилни према општината и пријавуваат дел или пак можеби е тоа, ако имало 2 или 3 рочишта додека да дојдат до спогодба . Тука може да се јаве разлика во адвокатски трошкови.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Баш ова тема е за да разговараме. Значи и во претходните мандати и сега секогаш судската спогодба е чар за Општината е штета за граѓаните, што е најосетлива работа и на дискусијата на Градоначалникот сакам да се надоврзам дека на една улица не оштетуваат и мене и друг. Едниот ако има 500 квадрати, му земаш 50, он вика земи ги поклон или за која цена ги прифаќа. Најлоши случаеви се таму каде што тој има 300 квадрати или 400, ти му земаш 200 и му викаш овие 200 ќе ти ги платам малку поскапо, другите не ми требат. Треба да донесиме некоја одлука и тие стотте нас не ни треба да ги купиме пошто он со 100 нема плац или бараем да му ги платиме овие 200 поскапо. Тука грешиме и тука ги штетиме нашите граѓани. Да, ама Градоначалник го спомнавме, ама не бараме решение. Што ако јас имам 300 квадрати, 200 ми зима улица, 100 ми оставаш и ми викаш не ми требат, па и мене не ми требат. Што да правам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама не гледај сега, значи советниче ние работиме по законите. Законот за експропријација е јасен. Општината може да експроприра земјиште и да земе земјиште само за јавен интерес. Ако таму има зеленило, тротоар, улица, парк или било што и поклон да ни го даде не може да го земиме. Значи Деталниот план ги предвидува тие квадратури само за јавен интерес.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Деталните планови ги правиме ние и се договараме. И ти си у право, али ние можеме како Совет да донесиме одлука, ако му зимам повеќе од 50% од плацот да не може да изграде куќа да му дадиме некоја скала поскапа, оние што му ги плаќаме квадрати.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама тоа го практикуваме и го ставаме во забелешки и затоа баш сега на советникот треба да му го објасниме.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Треба со некоја одлука на Совет. Градоначалник ако како пример му нарушувам да не може да гради и му земам повеќе од 50% цената да е 50% поскапа, ама оние што ги плаќам да не биде човекот оштетен. Оштетуваме многу граѓани. Вика ми зема 200 и на 200 не ми дава маркица да градам и ми останува и ми вика прави што сакаш со 200. У таквиот случај ако ние како Совет, ако донесиме некоја таква одлука на Совет што е за сите граѓани и нема што да бараме исто да се плаќа по квадратура кога нема плац. Таквите реагираат и тука имаме проблем и револт на граѓаните и треба една одлука да се договориме на наредна или понаредна седница или пред Нова година да видиме колку ги оштетуваме и како би ги обештетиле ако не 100% барем 80%.Градоначалник ме разбираш само прифатиме. Има плац 400 квадрати 100 му зимаш и се слага по која цена и без пари да му ги земиш и на 300 квадарати му даваш маркица. Има плац од 300 му земаш 200, му останува 100. Нема ништо од тие 100-те.Дослушај ме само.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не ти дослушај ме ти не ја разбираш оваа работа. Значи во таков случај.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник не ми влевај во збор.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама грешиш. Ти се смеат луѓето. Таков случај ако не може да граде има дооформување на земјиштето, комшијата го дооформува од него. Ниедно земјиште не е мртво земјиште.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ама комшијата кога знае дека си во офсајд ти го зима без пари.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ами боже мој што да правиме.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Па тоа го правиш ти како Градоначалник или администрацијата и сега за да не биде така.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Е ај цртај ги ти урбанистичките планови.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник не е злонамерно, ова не е добро.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Урбанизмот е јасна работа. Министерството го утврдува 20 министерства потпишуваат за урбанизмот.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Нека потпишат и сега ние на Совет носиме одлука. Ако го оштетуваме човекот да не може да гради дај на тија дел што му го плаќаме да има некоја цена коефициент 1:5 или 1:2.
ГРАДОНАЧАЛНИК: И чекај малку ќе го платиш поскапо и тоа земјиште пак не е на Општината. По кој основ го плаќаш.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Абе ти ова што го земаш го плаќаш тоа што е негово, му стое мртво, нема да му треба него, не може да го користе.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е така. Тоа се ретки случаеви. Може тоа да го сменат со иден урбанистички план или било како.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник ми останале мене 100, ама овие 200 си ми ги платил 100 си ми ги платил поскапо, исто како да си ми дал некое мало обештетување и ги прежалувам, ги имам како простор, ама не е корисен простор, сега што да му правам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Секое земјиште од Урбанистички план има своја намена, дали ќе го дооформе левиот комшија, десниот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Баш такви случаеви идат кај нас, иделе кај мене 20 години и вика комшијата кога гледа дека сум во тесно, ми бара за евро.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Абе предизборно ти има некој кажано.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е предизборно. Чист е случајот сега нема да спомнувам име, презиме од кои луѓе се така оштетени. Па нема ни да ги знаеш. Значи правиме да е добро за сите граѓани. 70% си зел од плац и да се донесе одлука да се плате со коефициент 1,2 1,3 малку повеќе. Тогаш и нашите урбанисти ќе прават план.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не го прават нашите урбанисти планот. Планот го праве Урбанистичко биро, нашите урбанисти само го контролират, го праќат во Скопје, по 20 министерства, на крајот го усвоиме. Нашите урбанисти не прават план.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: И сега ние не можеме да се договориме.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Па не е договарање него е јавен процес. Ако е јавен процесот рамномерно. Тоа ќе биде единствен начин да биде рамноправен, за да никој да не е оштетен.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Нема тие 50 квадрати пак нема плац, тие 50 квадрати не му значат ништо.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама зошто да влеваме во непредметна дискусија.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не. Ова е тема што треба да ја разговараме...Ако се најдиш во ситуација ти зема некој плац и ти остава 100 квадрати и ти викаш овие не ми требат...

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи во делот на урбанизмот и јас сум имал удел, ја сфаќам работата тука. Секој урбанистички план има јавна расправа. На таа јавна расправа сите засегнати страни имат право да поднесат мислење во делот на донесувањето на урбанистичкиот план.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде пауза 3 минути. Едногласно. Павле. Вуко. За.

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.85/2021, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес.Никој не бара збор. Кој е за. Едногласно. Вуко. Павле. За.

20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.22/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22, поведен пред Основен суд Кавадарци. Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Вуко. Павле. За.
22. Предлог- Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Вуко. Павле. За. Во ред усвоена.

23. Предлог-Одлука за давање на користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Со Амандманот за давање на користење на недвижна ствар во контекст на оваа точка. Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за точката заедно со Амандманот. Едногласно усвоена. Повели Градоначалник за 23 точка.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да не ги ставиме граѓаните во заблуди советник Сакалиев, Законот за експропријации донесен во Службен Весник на Р. Македонија, пречистен текст и сосема си во право. Во член 20 стои: Ако со експропријацијата на еден дел од недвижноста, преостанатиот дел од таа недвижност значително намален, а со

тоа се намалил економскиот интерес на сопственикот да го користи преостанатиот дел од недвижноста, може да се експропреира и тој преостанатиот дел по барање на сопственикот. Така да можеме да го правиме тоа. Ќе го објавиме. Еве воа и службите ги задолжуваме да го имат. Значи има Закон, член 20 од Закон за експропријација.

24. Предлог-Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Ја ставам на гласање.

25. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор ја ставам точката на гласање. Вуко. Павле. За.

26. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Вуко. Павле. Едногласно. За.

27. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање. Едногласно. Павле. Мелов. За.

28. Предлог-Одлука за примање донација –извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Мелов. Маневски За.

29. Предлог-Одлука за примање донација за примање донација – извршување на градежни работи одЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање. Кој е за. Мелов. Маневски За.

30. Предлог-Одлука за примање донација извршување на градежни работи одДруштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Маневски Мелов. За.

52. Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање. Кој е за. Мелов. Маневски За.

53. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас сакам да дадам подршка за овие 200 000 што се за спортот, меѓутоа имам една забелешка за во делот на ангажирањето на младинците од минатиот состав кои што беа на прво место во Македонија во нивната категорија и сите што наполнија 18 години и заминаа на факултет беа отстранети од екипата, а беа толку спремни и желни да играат и само да напоменам дека минатата недела селекторот на Младинската репрезентација на Македонија ги контактираше двајца од нив за да играат за Младата репрезентација на Македонија, а во нашиот состав, за во првата екипа, па макар и резерва да бидат или втора резерва немало место, биле така увредени на првиот тренинг кога после летниот одмор се вратиле во тимот да сите заедно се договориле да не настапат. Ќе ги замолам нашите советници кои што се во Управата на Тиквеш да поразговарат со раководството на Тиквеш за да се обрне внимание на тие добри кадри што се испаднати од нас тука, од нашите младинци. Не би било добро да играат за некоја друга екипа, туку да се разговара со нив, ако има желба да се вратат назад во првиот тим, па макар и да бидат резерва. Жално е ние издвојуваме средства од Општината да се финансираат тие клубови, тие младинци и првиот тим. Не само Советот на Општина меѓутоа има и повеќе фирми од општината кои даваат средства, а кога ќе доприме до наш млад произведен кадар, наши деца тие да си одат од клубот, затоа што биле увредени и недолично му се испонашал еден од раководството на Тиквеш. Сите знаеме што значи да исфрлиме еден добар фудбалер. Како што се гордееме на кошаркарите Гечевски, Врбица Стефанов и други сега да не ги спомнувам сите. Како што се гордееме на таа екипа фудбалска на Тиквеш на наше време кога јас бев младинец таму, која што играеше во Прва

Југословенска лига, така убаво е да се гордееме со едни наши млади играчи кои што треба да бидат носители наредните после 3, 4 години на првиот тим. Од мене толку. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Во Фудбалскиот клуб Тиквеш моментално во првата екипа има тројца младинци репрезентативци, кои што се натпреваруваат во младинските репрезентации до 17, 19 и 21 година, а исто така сега значи и со новиот Статут на Фудбалската Федерација значи најмалку еден младинец мора да го заврше натпреварот. Значи без разлика дали ќе има смена, значи ќе биде променет играч, значи 50 минути од натпреварот мора да има еден младинец до 21 година. За наша среќа значи веќе во Фудбалскиот Клуб Тиквеш во првата екипа имаме тројца репрезентативци. Благодарам.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Значи јас морам да се согласам со колегата Златевски. Ние како Совет одвојуваме средства за спортот во Општина Кавадарци, меѓутоа спортот на нашите младинци многу малку му враќа. Сепак ние мислам сите спортски здруженија повеќе внимание посветуваат на спортисти од страна дојдени, додека нашите чекаат на своите 5 минути. Да. Ние како што одвојуваме средства за спортот, истото да ни биде од клубовите вратено за да може нашите деца да играат, а нашите деца да бидат дискриминизирани и на клупите да седат за разлика од дојденците.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Нешковски.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Значи оваа измена во Програмата за спорт на активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот се однесува со дополнување на буџетот за спорт од 200 000 денари, кое што точно се однесува zа тие младински категории, за купување на нивна опрема, за превоз, за храна. Значи со овие 200 000 денари коишто денеска ќе ги изгласаме, ние му помагаме на нашите младински категории. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги овака. Сега се издискутира за спортот. Ние можеме како советници да носиме буџет на младите, а да се мешаме во клубовите и во одлуката кој ќе игра, тоа да не се лажиме дека имаме право. Немаме право. Тој што ќе го водиш, што сме го довеле оставаме да одлучи дали ќе купува играч или земе од нас. Ние како Совет

ако речиме даваме 200 000, малку се тие 500 нека бидат за младите и мора да се исплатат на младите, а да се мешаме внатре не.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Дали има уште некое прашање. Бидејќи нема никакви прашања, точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. Во ред.

54.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Вуко. За. Павле. За.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Мелов. Маневски. За.

Почитувани советници го исцрпивме денешниот Дневен ред. Сакам само едно мало внимание. Значи стигна покана до Советот на Општина Кавадарци. Тоа е во текот на утрешниот ден ќе се одржи во Големата сала на Општина Кавадарци од 12:30. Воедно ќе биде присутен и Градоначалникот каде ќе се даде плакета за почитување на потребата на младите. Иницијатор на таа средба е Младинскиот Центар Кавадарци, каде што не поканува на презентација на едногодишната работа на Првиот Младински Центар отворен во Македонија и не поканувaат чисто да бидеме гости овде. И уште една покана. Тоа е на 05 10. 2022, во среда во 11 часот гостин на Општина Кавадарци ќе биде Евро Амбасадорот Дејвид Гир. Ќе има средба со Градоначалникот, пред средба со Советот на Општина Кавадарци. Така да тема на самиот состанок со Евро Амбасадорот ќе биде поглавјата за влезот во Европската Унија и за практицирање на европските фондови. Една сигурно ќе биде интересна тема што не интересира на европскиот пат. Би ве повикал значи на 05.10 среда во 11 часот да бидеме овде, ќе има преведувач и може да му поставиме прашање за имплементацијата на поглавијата и европскиот пат. Со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници поради енергетската и економската криза имаме актуелна ситуација во Општина Кавадарци и пред малку го спомнавме тоа така неформално, меѓутоа јас сакам да се заангажираме и да разговараме ако има потреба и со менаџерскиот тим на Еуро Никел, односно Фени, а и со структури малку од повисоко ниво, поради тоа што испаднаа вести во моментот додека траеше седницата дека Еуро Никел

најдоцан утре до 12 часот ја гаси печката на 0. Досега беше на одржување на 5 mw и вработените беа ставени на 70%. Тоа значи дека од утре се гаси печката на 0 и вработените се испуштат на улица. Ич не е добра ситуација. Ако се изгаси печката на 0, рестартирањето на Фени или Еуро Никел ќе биде невозможно, односно ќе треба после 1,5, 2 да се праве нова печка или да се праве нов ремонт. Тоа е тежок техничко-технолошки процес. Вие повозрасните сте сведоци Фени не работел и по 2 години, па печката не беше никогаш изгасена, секогаш беше ставена во ладно мирување на 5 mw. Така да ако има потреба да бараме и од државата да ги покрие тие 5 mw да не се изгасе печката, се додека не се створат услови за работа. Второ како информација неофицијално го имам дека на Рудникот Ржаново се врши експлоатација на се што постое во делот на тоа што може да се продаде како старо железо, кабел, бакар, железо и ред други работи. Сакам да направиме една Комисија, да разговараме, да видиме чија е сопственоста на Рудникот Ржаново, зошто таму се уништуваат кабли огромни со електрична моќност кои што можат да се проверат и копаат и се продаваат за стар бакар. Се сечат машини и ленти за старо железо. Дали ова наликува на нешто како недомаќинско работење или земи кој што може да земе и да си заминеме од тука. Така да еве ова јавно го повикувам, да утре дел од советниците, го викниме и дел од менаџерскиот тим од Еуро Никел, меѓутоа ако треба да има претставник и од Владата да видиме чија сопственост е на рудникот, што купија во планот за реорганизација, дали треба да се изгасе печката и ако требе не треба да дозволиме да ја изгасиме таа печка поради тоа што трајно ќе го уништиме нашиот комбинат за производство на фероникел. Така да мислам имаме 3 точки . Значи Рудник Ржаново, да не се изгасе печката и да видиме со тие 1000 вработени, кои што беа неколку месеци мислам 2 на 70% за да не останат на улица, да се бара некакво решение. Така да мислам тоа е доста сериозно, а и советникот Вуко може ја слушна дискусијата. Тој во месец јули имаше свој пост каде што кажа дека шпекулации се дека ќе се изгаси печката на Фени и дека вработените ќе си одат дома, да бидат безгрижни, меѓутоа моментов, еве месец октомври дојде дека не е тоа реалноста и Претседателе би те замолил дел од советниците да направиме работна група, да разговараме пошто тоа е од суштинско значење за Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани би исконтактирал со

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тоа беше цитат од соопштението на Фени Индустри. Значи прочитајте го добро мојот статус како што ги следите Градоначалник социјалните мрежи. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи ќе ве замолам да изготвиме една комисија во која ќе бидат вклучени значи Градоначалник, Претседател на Совет и од советничките групи по еден човек заедно вклучително со Левица и од независните Јован и Ристе за да направиме една комисија, да направиме една средба заедно благодарение со Градоначалникот како медијација на средба со менаџерскиот тим на Еуро Никел. Значи јас би повикал да се реализира една таква комисија. Нека си одредат кординаторите на советничките групи, еве од ВМРО, од СДСМ, Јован Златевски, Круме и Ристе заедно со Градоначалникот да направиме една средба утре со Еуро Никел. Од аспект дека зборуваме за стратешко значење за Општина Кавадарци. Почитувани колеги дали начелно сме јасни околу составот на групата. Во ред. Значи Перо Николов, Вуко не е тука, Павле Маневски, Јован Златевски, Ристе Сакалиев и Круме Богевски. Значи во текот на утрешниот ден ќе се добие тајминот за таа закажана средба со претставниците да видиме Градоначалникот да исконтактира да го одредиме временскиот состанок.

Почитувани мислам дека тоа е се за денешниот дневен ред. Благодарам за вниманието.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов